Македонска
Кошаркарска
Федерација

FIBA EUROPE
We Are Basketball

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАТПРЕВАРУВАЊА ВО
# КУП НА МАКЕДОНИЈА

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Натпреварите за КУП на Република Македонија се играат согласно службените кошаркарски правила на ФИБА, Правилникот за натпреварување на КФМ и Пропозициите за натпревару-вање на МКФ.

1.2. Екипата домаќин која нема сала што ги задоволува условите и техничката опременост согласно Пропозициите за натпреварување, ќе мора да обезбеди таква сала каде ќе биде организатор - домаќин на натпреварот.

1.3. Екипите од Прва Лига мажи и Прва Лига жени **се обврзани** да настапуваат во КУП натпреварите. Останатите сениорски екипи имаат право на настап, доколку се пријават во утврдениот рок со пријава за учество.

Во Младинскиот КУП за мажи и жени, имаат право да учествуваат сите екипи кои настапуваат во двете највозрасни младински лиги на МКФ во тековната сезона.

1.4. Натпреварите се играат по КУП-систем. Во квалификациите за завршниот турнир се играат два натпревари: еднаш дома и еднаш во гости. Победник е онаа екипа која има подобра бод или кош-разлика во двата натпревари.

Првиот од двата натпревари се игра на теренот на екипата која има послаб пласман во тековната сезона, или екипа која има послабо крајно бодовно салдо по завршување на првиот дел од тековната натпреварувачка сезона. Реванш натпреварот се игра на теренот на другата екипа.

Купот во младински категории кај мажи и жени се игра во елиминациски систем, во еден натпревар, а на завршниот турнир се игра само финалето. Домаќинот на натпреварот од елиминациите се добива по пат на жреб - првожребаната екипа е домаќин.

1.5. Двата натпревари во Куп-натпреварувањето се сметаат за еден натпревар во времетраење од 80 минути. Ако по првиот натпревар резултатот е нерешен, нема да се игра продолжение.
По вториот натпревар, доколку по додавање на резултатот од првиот натпревар, вкупниот резултат е нерешен, ќе се игра/ат продолжеток/ци за да се добие севкупен победник од таа натпреварувачка двојка на екипи.

1.6. Екипа која ќе откаже да се вклучи во КУП натпреварувањето пред неговиот почеток ќе биде казнета со парична казна, коефициент 100.

1.7. Екипа која ќе се откаже од учество во купот во текот на самото натпреварување, ќе биде казнета со парична казна коефициент 100 и со одземање на шест (6) бода од бодовното салдо стекнато во тековната натпреварувачка сезона во лигата во која таа екипа се натпрева-рува.

1.8. Двојките во преднатпреварите се утврдуваат врз основа на пласман од претходното првенство, а за финалниот турнир двојките се одредуваат со жреб.

Бројот на екипите-двојките што ќе учествуваат во преднатпреварите се утврдува од Комесарот за натпреварување, така што по најкус пат да се дојде до потребниот број на екипи за финалниот турнир.

1.9. Терминот за одигрување на завршниот турнир за мажи и жени го одредува Управниот Одбор на КФМ, на предлог на Комесарот за натпревари - вклучен во календарот за претстојната сезона.

1.9.1. На завршниот турнир во Кошаркарскиот КУП на Македонија се играат:

- ФИНАЛНИ 4 во машка сениорска категорија;
- ФИНАЛНИ 4 во женска сениорска категорија;
- ФИНАЛЕ во машка младинска каегорија, и
- ФИНАЛЕ во женска младинска категорија.

1.9.2. Натпреварите се играат во 2 дена, Петок и Сабота, според следниот распоред:

**1 ден**

прво 1/2 финале жени
второ 1/2 финале жени
прво 1/2 мажи
второ 1/2 мажи

**2 ден**

Финале младински Куп - жени
Финале младински Куп - мажи
Финале Куп - жени
Финале Куп - мажи

1.9.3. Организаторот на Финалниот Куп турнир, каде се вклучени сите 12 натпревари, **се одредува по пат на јавен конкурс**, на кој можат да учествуваат сите кошаркарски клубови, правни и физички лица и други субјекти.

Условите за добивање на организација ги одредува Управинот Одбор на МКФ. Канцеларијата на КФМ има обврска јавно да го објави конкурсот за организатор. Доколку има повеќе од еден пријавен субјект, тогаш организаторот се добива по пат на јавно наддавање - лицитација, на која учествуваат сите пријавени субјекти кои до моментот на лицитација уплатиле 10% од пропишаната почетна цена за добивање на организацијата.

Лицитацијата за добивање на организатор е јавна. Лицитацијата ја води лице од канцеларијата на МКФ. Победник на лицитацијата е субјектот кој ќе понуди најголем износ за организација.

Победникот на лицитацијата во рок од 72 часа треба да ги презентира местото и условите за организација, како и да го уплати остатокот од 90% од излицитираната сума. Откако канцеларијата на МКФ ќе констатира дека победникот на лицитацијата ги исполнил условите за организација, потпишува договор со субјектот, во кој се опишани правата и обврските на субјектот и МКФ. Доколку субјектот не ги исполнил техничките и други услови за организација, организацијата на Финалниот Куп турнир ја добива субјектот кој понудил втор најголем износ за организација.

Доколку никој не се пријави на конкурсот за организација, Финалниот Куп турнир го организира МКФ, во согласност со овој правилник.

## 2. ФИНАНСИСКИ ОДРЕДБИ

2.1. Во елимимнациите за Финалниот Куп турнир, екипата домаќин на натпреварот ги сноси трошоците за одигрување на натпреварот, како и патните трошоци и надоместоците за врше-ње на должност на службените лица кој е различен и зависи од степенот на разигрувањето во Куп-натпреварите.

2.2. Патните трошоци и надоместокот за вршење на должноста службени ли ца на натпреварот ги исплатува организаторот еден (1) час пред почеток на натпреварот. Дозволено е таксата и патните трошоци за службените лица да бидат уплатени на жиро-сметка на соодветното Здружение на клубови, или на трансакциска сметка на официјалните лица. Вкупната сума на уплата во ваков случај, ќе биде зголемена за даноците и другите давачки кон финансиските и други институции.

2.3. Надоместоците за вршење на должност на службените лица и патни трошоци во Куп-натпре-варувањето изнесува:

| Категорија: | Мажи | | Жени | | Младински | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Службено лице: | судија | делегат | судија | делегат | судија | делегат |
| 1/8 финале и претходни | 1.000,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | * | * |
| 1/4 финале: | 2.000,00 | 2.000,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | * | * |
| Финален турнир | 4.000,00 | 4.000,00 | 2.000,00 | 2.000,00 | 1.500,00 | 1.500,00 |
| Патни трошоци | автобуски билет во два правца или, со одобрение на Комесарот за натпреварување, 12,00 ден/км со едно возило, по службена километража. | | | | | |

*Таксите во преднатпреварите (елиминациите) во натпреварите од Младинскиот Куп се идентични како и во соодветните младински лиги во тековната сезона

## 3. УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФИНАЛНИОТ КУП ТУРНИР

3.1. Организаторот е должен да обезбеди сала со лиценца за настапи во Прва Лига Мажи. Салата мора да има посебно обележена ЛОЖА, просторија за прес конференции, како и интернет покриеност (wireless или LAN) за потребите на веб-сајтот на МКФ и медиумите.

3.2 Организаторот на Финалниот Куп турнир е должен да обезбеди хотелско сместување и патни трошоци (ако турнирот е надвор од Скопје) за 6 лица од канцеларијата на МКФ за време на одржување на турнирот, заради техничко-натпреварувачко водење и надгледување на системот на натпревари и организацијата.

3.3. Организаторот на Финалниот Куп турнир е должен да ги сноси сите трошоци за надомест и патни трошоци на службените лица за сите натпревари.

3.4. Организаторот на Финалниот Куп турнир е должен да соработува со МКФ во спроведувањето на правилата, пропозициите и одредбите за организација на турнирот. Организаторот е должен да добие одобрение од канцеларијата на МКФ за протокол-листата за доделување на пехарите и медалите за учесниците.

**МАКЕДОНСКА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА**

Претседател<br>Даниел Димевски

Генерален Секретар<br>Дејан Лекиќ

МАКЕДОНСКА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА
**Адреса:**
**Бул. „Кузман Јосифовски Питу„ број 17**
**Поштенски Фах 318**
**1000 Скопје**
**Телефон/факс: 02 / 24- 61-644, КФМ**
**Телефон-факс: 02 / 24-61-541, Здружение - сениори**
**Телефон-факс: 02 / 24-61-715, Здружение - млади**

**Генерален секретар на МКФ**
**Дејан Лекиќ**
*dejan.lekic@basketball.org.mk*

**Директор на репрезентации:**
**Илија Мерџановски**
*ilija.merdzanovski@basketball.org.mk*

**Директор на сениорска репрезентација:**
**Врбица Стефанов**
*vrbica.stefanov@basketball.org.mk*

**Технички секретар на МКФ**
**Соња Спасовска**
*sonja.spasovska@basketball.org.mk*

**Комесар за натпреварување на МКФ**
**Горан Трпушевски**
*goran.trpusevski@basketball.org.mk*

**Комесар за натпреварување во млади категории на МКФ**
**Јован Крстевски**

**www.basketball.org.mk**